ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. 06-1565
07.02.2023
СКОПЈЕ-SHKUP

# ГРАД СКОПЈЕ

Врз основа на член 55-а од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на Република Македонија." бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16,64/18, 140/18, 163/18 и Службен весник на Република Северна Македонија " бр.275/19,67/22), а во врска со член 24 од Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на градот Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.13/10, 15/10, 4/11, 10/11, 6/12, 2/14, 7/14, 16/18 , 01/20 и 10/22), Град Скопје објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за распределба на слободни изводи од лиценци за авто-такси превоз на патници на подрачјето на градот Скопје**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

1.1. Предмет на јавниот повик е распределба на 300 (тристотини ) слободни изводи од лиценци за авто - такси превоз на патници на подрачјето на градот Скопје, од кои 250 изводи од лиценца се за еколошки такси возила со ниска емисија на штетни издувни гасови.
1.2. Барателите за издавање на изводи од лиценца за авто-такси превоз на патници на подрачјето на градот Скопје треба да ја имаат минималната потребна документација за поднесување на барањето.
1.3. Јавниот повик ќе биде реализиран по принципот „прв дојден, прв услужен".

## 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

2.1. Право на учество на јавниот повик имаат постојните и идните вршители на авто-такси дејност за подрачјето на градот Скопје.
2.2. Учесниците на Јавниот повик потребно е да ги испонуваат следните услови:
- доказ за сопственост за возилото или договор за финансиски лизинг за возилото
-потврда за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за авто-такси возила
- потврда за исправен вграден фискален апарат-таксиметар
- доказ дека има вработен авто-такси возач

2.3. Максималниот број на изводи од лиценци кои може да се распределат по учесник на јавниот повик се утврдуваат на 10 (десет) изводи од лиценци во текот на една календарска година по еден вршител на авто такси дејност, освен за еколошки такси возила со ниска емисија на штетни издувни гасови (хибридни возила со комбиниран моторен и електричен погон, возила со погон на природен гас-ЦНГ и возила на електричен погон).
2.4. Идните вршители на авто-такси превоз на патници на подрачјето на градот Скопје покрај наведените услови во овој Јавен повик потребно е да ги исполнат и условите за добивање на лиценца за авто-такси превоз на патници на подрачјето на градот Скопје согласно Законот за превоз во патниот сообраќај.

## 3. НАЧИН И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИЗВОД ОД ЛИЦЕНЦА

3.1. Лицата од точка 2 поднесуваат Барање до Архивата на Град Скопје во барака 16 (Барањето може да се подигне од Архивата или да се превземе од интернет страната www.skopje.gov.mk).
3.2. Кон Барањето се доставуваат следните докази:
- Сообраќајна книшка (копија заверена на нотар) или Договор за лизинг
- Потврда за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за авто-такси возила
- Решение за вграден фискален таксиметар (копија)
- Потврда за баждарен таксиметар (копија)
- Список на вработени по обврзник
- М1/М2 образец (копија)
- лична карта (копија)
- возачка дозвола (копија)

3.3. Во случај кога вршителот на авто-такси дејност при поднесување на барањето не може да приложи доказ за сопственост или договор за финансиски лизинг за возилото, должен е кон барањето да достави банкарска гаранција во висина од 200 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата за секое возило за кое не може во моментот да го достави бараниот доказ. Барателот има рок за дополнување на документацијата од 180 дена од денот на приемот на барањето, а рокот може да се продолжи за уште 60 дена доколку барателот достави доказ дека доцнењето за обезбедување на авто-такси возилото е настанато поради оправдани причини или виша сила.
3.4. Рок за пријавување на учесниците
- Јавниот повик ќе трае 7 (седум) работни денови од денот на неговото објавување на официјалната веб страница на Град Скопје

3.5. Јавниот повик ќе биде објавен на интернет страната www.skopje.gov.mk и во два печатени медиуми.

## 4. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО

4.1. Градоначалникот на Град Скопје ќе го усвои барањето и ќе го издаде изводот од лиценца на барателите кои ги исполниле критериумите согласно Јавниот повик.
4.2. Градоначалникот на Град Скопје ќе донесе решение за одбивање на барањето доколку барателот нема уредна и комплетна документација односно не ги исполнува условите дефинирани согласно Јавниот повик.
4.3. Градоначалникот на Град Скопје ќе донесе решение за одбивање на барањето, а банкарската гаранција ќе биде наплатена доколку барателот во рокот утврден во точка 3.3 на овој Јавен повик не достави доказ за сопственост или договор за финансиски лизинг за возилото.

Бр. 08-1363
07. 02. 2023
СКОПЈЕ

Град Скопје
Данела Арсовска